Врз основа на член 91, став 3 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) изготвен е

**ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА**
**за**
**Проект: „Изградба на поддршка на капацитетот на ветерен парк Дрен, КО Дрен, општина Демир Капија (10MW)“**
**Место: Општина Демир Капија, Дом на културата на Општина Демир Капија**
**Датум и време: 16.09.2020 во 12:00 часот**

На ден 16.19.2020 година, со почеток од 12:00 часот, во домот на културата на општина Демир Капија се одржа јавна расправа за проектот: „**Изградба на поддршка на капацитетот на ветерен парк Дрен, КО Дрен, општина Демир Капија (10MW)**“. Јавната расправа ја организираше Министерството за животна средина и просторно планирање. Претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање беа г-дин Александар Петковски, г-ѓа Светлана Глигорова и г-ѓа Даниела Ристова, додека од страна на изготвувачот на студијата за оцена на влијанијата врз животната средина, компанијата ДЕКОНС-ЕМА, Скопје, беа г-ѓа Билјана Герасимовска и г-ца Кристина Петровска. Од страна на Инвеститорот присутна беше г-ца Анка Вандовска.

Јавната расправа ја отвори и водеше г-дин Александар Петковски. На самиот почеток беше претставен дневниот ред за јавната расправа. Од страна на г-дин Александар Петковски беше презентирана постапката за оцена на влијанија врз животната средина, причината за изработка на студијата, како и претставување на присутните на јавната расправа.

По воведното излагање од страна на г-дин Александар Петковски, се пристапи кон презентација на содржината на студијата за оцена на влијанија врз животната средина од страна на г-ѓа Билјана Герасимовска.

Презентацијата започна со презентирање на поминатите чекори во ОВЖС процедурата, усогласено со Законот за животна средина. Потоа следеше опис на целите на проектот, презентација на разгледуваните алтернативи и опис на локацијата која е избрана како најдобра за изградба на поддршка на ветерниот парк Дрен (10MW). Презентацијата продолжи со технички опис на проектот, резиме на активностите, опис на разгледуваните влијанија во градежна и оперативна фаза, како и мерките предложени во студијата за намалување на идентификуваните влијанија.

По завршување на презентацијата, г-дин Александар Петковски ја отвори дискусијата со присутните граѓани.

Прв за збор се јави г-дин Владо Атанасовски, Министерство за животната средина и просторно планирање, Сектор природа.

**г-дин Владо Атанасовски**: Бидејќи, ја знам трасата на гасоводот, крак граница со Р. Грција – Неготино и учествував во изведбата на трасата, ме интересира плански каде се наоѓаат ветерните турбини, односно вашиот проектен опфат во однос на трасата на гасоводот, и дали има некаде преклопување?

**Г-ѓа Анка Вандовска**: Веќе имаме мислење и сме усогласени во однос на трасата на гасоводот, бидејќи сега се проектира. Секаде каде што имаше преклопување на трасата, се поместија или тие или ние и се усогласивме. Во однос на нафтоводот испочитувано е растојанието на заштитен појас, според законските нормативи од 200 m.

**г-дин Владо Атанасовски**: Што со мерките за дислокација на ВТ1, на размислување зошто се преклопува со ареалот на распространување, хранење и гнездење на птиците грабливки и белоглавиот мршојадец. Што во иднина со столбот еден?

**Г-ѓа Анка Вандовска**: Предвидени се 4 столба, од кој ВТ4 беше планирана како резервна, за да се промени режимот на работа на ВТ1, односно таа би се активирала само кога ќе се пренесе енергијата или евентуално да се надополни енергија. Од МЕПСО не добивме техничко решение, не добивме позитивен одговор за таквото сценарио. Планиравме да биде хипотетички мртва турбина, за да се избалансира ВТ1, но не добивме позитивен одговор. Во моментов единствено техничко решение е да се вгради сензор кој ќе реагира на јато птици. Опфатот е голем за да може комплетно да се дислоцира ВТ1. Засега нема предвидено дислокација освен примена на сите оние мерки кои вклучуваат сензори и посебен технички режим на работа на Т1.

**Г-дин Младен Петров**, ДПД Демир Капија: Во делот безбедност на противпожарна заштита, спомнавте во градежна фаза постојано присуство на противпожарно возило. Во оперативна фаза како е решено тоа?

**Г-ѓа Анка Вандовска**: Во Планот за безбедност и здравје ќе бидат опфатени и применети сите мерки кој ќе бидат испланирани и за во оперативна фаза, како што беше споменато и во презентацијата. Во сите фази има мерки кои се однесуваат на здравје и безбедност.

**г-дин Владо Атанасовски**: Во Студијата се споменува дека оддалеченоста на ВТ1 е 4,5 km од местото на гнездење на белоглавиот мршојадец. Меѓутоа за нив, тоа е многу мало растојание.

**Г-ѓа Анка Вандовска**: Не можете да ги сопрете, може да поминат и 200 km. Еве г-дин Методија Велевски е ценет птичар, може ако сакате подетално да објасни.

Дискусијата понатаму продолжи со г-дин Методија Велевски од Македонското еколошко друштво.

**г-дин Методија Велевски (**Македонско еколошко друштво): Скоро излезе Студија (Норвешка) во која се вели дека со боење на само една перка од турбината во црна боја, се намалува смртноста на птиците за 70%.

**Г-ѓа Анка Вандовска**: Боење на една перка од ветерната турбина, хипотетички може да сруши два авиона. Црната боја е неприфатлива и кај нас и во било која европска регулатива. Од Агенцијата за цивилно воздухопловство имаме посебни насоки за тоа како треба да се исфарба, поставување на светлосна сигнализација итн. Јас би сакала да е прифатливо и ако постои начин, доколку нешто е прифатливо, ќе се исцрпат сите сценарија.

Засега како мерка е да чуваме една цела турбина надвор од функција, во која ќе се инвестира, а нема да ни користи, само за да може да го балансираме режимот на работа заради заштита на птиците кај ВТ1.

**г-дин Методија Велевски:** Студијата вели дислокација на ВТ1, а вие велите ќе стои ама ќе има посебен режим на работа, и тоа е контрадикторно. Кој ќе има предност студијата или инвеститорот? По однос на мониторингот на птици и лилјаци, дали се предвидува и за овој ветерен парк?

**г-дин Александар Петковски:** Секако тоа е задолжение од Министерството.

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Мониторингот за овој проект веќе е започнат, односно се работи за оваа предградежна фаза.

**г-дин Методија Велевски:** Мал е опфатот, но понатаму ќе се зголемува. Се планира изградба на уште четири ветерни паркови во поширокото опкружување и конфликтот ќе се зголемува. Ако мониторингот дава поинакви мерки, кој ќе има предност?

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Инвеститорот е задолжен да ги почитува и применува сите мерки од Извештајот за мониторинг на птици и лилјаци. Таков мониторинг инвеститорот е задолжен да врши 7 години и да поднесува соодветни извештаи до Министерство. Обврзани сме како инвеститори, ја имаме вклучено и Европската банка за обнова и развој и мораме да одиме по сите европски правила.

**г-дин Методија Велевски:** Птиците се како луѓе, со различни навики. Некои од нив развиваат навики да фаќаат prevailing wind за да добијат на висина на летање, точно од рефлексијата на термална енергија од основата на темелите. Ако може да се покријат темелите со земја, да не се случува тоа, би било најдобро.

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Апсолутно ќе бидат вклучени сите мерки и ќе ги исцрпиме сите можни мерки.

**г-дин Владо Атанасовски**: Се сложувам, така е и за сите концесии. Локацијата треба да се доведе во првобитна состојба колку што е можно повеќе., за да не се случуваат несреќи. За жал многу малку се почитува и ретко се доведува во првобитна состојба.

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Градежната фаза ќе трае многу краток период. За седум месеци паркот ќе биде изграден, а локациите ќе се вратат во првобитна состојба.

**Г-дин Тони Петков - сектор за урбанизам, општина Демир Капија:** Станува збор за ветерен парк Дрен II, претходно беше Дрен I, дали ќе има и Дрен III?

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Не. Благодарам на прашањето. Се развиваат проектите Копришница и Петрово. Петрово е 90% лоциран е во Гевгелија, додека Копришница 70 % ќе биде во општина Демир Капија. Теренот е комплетно непристапен и се снима со дрон. Миравци е на 4,5 km оддалеченост од нашиот парк, сега се усогласуваме.

**г-дин Владо Атанасовски**: Таму се среќава најниска букова шума дојдена до 600 m н.в.

Понатаму, се отвори кратка интерактивна дискусија за ветерните паркови во поширокото опкружување. Стратегијата за енергетика, којашто предвидува производство 600 MW енергија само од ветер, прекинатите субвенции за ВП и можноста за повластена тарифа на инвеститорот.

Следуваше прашање од г-дин Тони Петков од секторот за урбанизам, општина Демир Капија.

**г-дин Тони Петков:** Треба да се имплементираат и почитуваат сите мерки дадени во студијата. Да не се остава отпад, да не се прават штети. Ве молам сакам да го претставите на кратко инвеститорот Калтун Енержи.

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Калтун Енержи е инвеститор од Р. Турција која што веќе има изградено 4 паркови во Турција. На нашиот пазар инвеститорот е присутен од 2014 година, а првиот проект ВП Дрен I започна да се развива од 2016 година. Проектот Дрен II, или поддршка на капацитетот на Дрен I е сега во постапка. Останатите два проекти се ВП Копришница и ВП Петрово кои се во почетна фаза, односно поднесени се писма за намера. За сега тоа е планот за инвестиција.

**г-дин Методија Велевски:** Дали има поставени сензори на ветерни паркови, какво е искуството?

**Г-ѓа Анка Вандовска:** Да примената на сензори е европско искуство. Тоа е како апликатор, а поставени се сензори на веќе изградени паркови кои реагираат посебно на јато птици. Тоа го намалува ризикот од колизија.

Бидејќи, прашањата до инвеститорот беа исцрпени, г-дин Александар Петковски се заблагодари на присуството и ја затвори јавната расправа.

**Прилог 1. 1 Листа на присутни**



**Листа на присутни лица на Јавната расправа за проектот: Поддршка на капацитетот на ветерен парк „ДРЕН“ во општина Демир Капија одржана на ден 16.09.2020 година (Среда), во зградата на Домот на културата во општина Демир Капија со почеток во 12.00 часот.**

| Р. бр. | Име и презиме | Институција | Контакт тел. и e-mail |
|---|---|---|---|
| 1 | Александар [illegible] | МЖСПП | 076 153 180 |
| 2 | [illegible] | ДЕКОНС - ЕМА | 076 315 513 |
| 3 | Ана Ванковска | Капун Енергии | 070-337-887 |
| 4 | Тони Петков | Општина Демир Капија | 070 303 641 |
| 5 | Младен Петров | ДПЛ Демир Капија | 076 433 310 |
| 6 | Биљана Толкова | Општина Демир Капија | 075 674 044 tolkova.biljana@yahoo.com |
| 7 | Благој Гелев | Општина Демир Капија | 075-570-042 blazegelev@gmail.com |
| 8 | Николоска Ирена | МЖСПП - ИСКЗ | 070 455-073 i.nikoloska@moepp.gov.mk |
| 9 | Илиев Сашо | МЖСПП | 072 051 60 |
| 10 | Владо Атанасовски | МЖСПП - [illegible] | 075 240 973 |
| 11 | Борче Ставров | Општ. Д. Капија | 072/277-121 |
| 12 | Благој Јованоски | Општина Д. Капија | 072-269-750 |
| 13 | Методија Велевски | Мак. еколошко друштво | 070/782 826 |
| 14 | Кристина Петровска | ДЕКОНС - ЕМА | k.petrovska@ema.com.mk |
| 15 | | | |
| 16 | | | |
| 17 | | | |
| 18 | | | |
| 19 | | | |
| 20 | | | |
| 21 | | | |
| 22 | | | |
| 23 | | | |
| 24 | | | |
| 25 | | | |
| 26 | | | |
| 27 | | | |
| 28 | | | |
| 29 | | | |
| 30 | | | |
| 31 | | | |
| 32 | | | |
| 33 | | | |
| 34 | | | |
| 35 | | | |